# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок Јуни 2023 година Број 11/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година
на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш
бр.04-125/1 од 29.05.2023 година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш бр.04-125/1 од 29.05.2023 година , бр.08-1027/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1027/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на ден 14.06.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година
на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш
бр.04-125/1 од 29.05.2023 година

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш бр.04-125/1 од 29.05.2023, наш бр.08-92/26 од 29.05.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Број 08- 1027/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на
Годишен план за вработување за 2024
година
на ООУ„Крсте Петков Мисирков” ,
Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023
година

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков” , Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023 година , бр.08-1028/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1028/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на ден 14.06.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање Согласност на Годишен план
за вработување за 2024 година
на ООУ„Крсте Петков Мисирков” ,
Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023
година

Член 1

Се дава Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков” , Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023, наш бр.08-80/51 од 08.06.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ а ќе почне да се применува по добивање на Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Број 08- 1028/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за позитивно мислење
на Урбанистичкиот проект за
парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел
8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина
Радовиш со површина на плански опфат
на градежна парцела од 13708,64 м$^2$,
изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР
ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци,
со тех. број 3973 од 05.2023год.

Ја прогласувам и објавувам одлуката за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект за парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина Радовиш со површина на плански опфат на градежна парцела од 13708,64 м², изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци, со тех. број 3973 од 05.2023год. , бр.08-1029/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1029/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 62, член 63 и член 65 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), Правилник за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ бр. 225/20), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на 14.06.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект за парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина Радовиш со површина на плански опфат на градежна парцела од 13708,64 м², изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци, со тех. број 3973 од 05.2023год.

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава позитивно мислење за Урбанистичкиот проект за парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина Радовиш согласно потребите на инвеститорот и јавниот интерес, се врши парцелација на градежна парцела, промена на граница на градежна парцела. Површина на плански опфат на градежна парцела е на КП 4280/1-дел, КП 4280/6-дел КП 4282/1-дел КП 4282/23-дел, КП 4157/1-дел КП 5132/1-дел од 13708,64м². УП изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци, со тех. број 3973 од 05.2023год., како што е означено во графичките прилози коишто се составен дел на оваа одлука

**Член 2**

Одлуката за позитивно мислење на Урбанистички план се прикачува во електронска форма во информацискиот систем Е-урбанизам, од страна на донесувачот на урбанистички план.

По спроведување на наведеното, донесениот урбанистички план станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем Е-урбанизам, кон кој пристап имаат донесувачот на урбанистичкиот план, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 3**

Донесувачот на урбанистичкиот план е должен примерок од донесениот детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 4**

Донесениот урбанистички план ќе се применува по исполнувањето на условите во согласност со законот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08- 1029/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 година Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за одобрување финансиски средства на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш, бр.08-1030/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1030/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на ден 14.06.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства
на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш

член 1

Се одобруваат финансиски средства на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш во висина од 30.000,00 денари по доставено барање бр.08-1008/1 од 08.06.2023 година со цел помош и подршка за организирање на Манифестација „Меден Радовиш" која ке се одржи на Плоштад „Св.Спасо Радовишки" во Радовиш во периодот 18, 19 и 20 август 2023 година.

член 2

Барањето е составен дел од одлуката.

член 3

Се задолжува Здружението Здрава Еко Долина од Радовиш по завршувањето на манифестацијата до Советот на Општина Радовиш да достави извештај за намената на одобрените финансиски средства.

член 4

Одлуката влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08- 1030/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за ослободување од комунална такса за поставување урбана опрема на јавна површина

Ја прогласувам и објавувам одлуката за ослободување од комунална такса за поставување урбана опрема на јавна површина, бр.08-1031/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1031/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Радовиш а согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Радовиш бр.08-444/2 од 28.02.2023 година (Сл.Гласник на Општина Радовиш бр.06/2023 година) и барање бр.03-2789/1 од 08.06.2023 година, наш бр.26-1014/1 од 09.06.2023 година од “АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ” ДООЕЛ Струмица

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на ден 14.06.2023 година, донесе:

ОДЛУКА
за ослободување од комунална такса за поставување урбана опрема
на јавна површина

Член 1

Се ослободува од комунална такса барателот “АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ” ДООЕЛ Струмица, за времено поставување урбана опрема на јавна површина (поставување на автобуски постројки во општина Радовиш), согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Радовиш бр.08-444/2 од 28.02.2023 година (Сл.Гласник на Општина Радовиш бр.06/2023 година).

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08- 1031/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 година Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за измена на одлуката бр.08-1632/1 од 26.10.2022 година за зголемување на цената на возниот билет на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред доделени од Советот на Општина Радовиш, односно намалување на претходно зголемената цена

Ја прогласувам и објавувам одлуката за измена на одлуката бр.08-1632/1 од 26.10.2022 година за зголемување на цената на возниот билет на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред доделени од Советот на Општина Радовиш, односно намалување на претходно зголемената цена , бр.08-1032/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1032/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај(„Службен весник на Република Македонија” 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 125/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија” 275/19 и 67/22), член 22 и член 36 од Законот за (Сл.весник на РМ бр.5/2002), и член 21 од Статутот на Општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на XXXI седница одржана на 14.06.2023 година донесе:

ОДЛУКА

за измена на одлуката бр.08-1632/1 од 26.10.2022 година за зголемување на цената на возниот билет на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред доделени од Советот на Општина Радовиш, односно намалување на претходно зголемената цена

Член 1

Со оваа Одлука претходно зголемената цена на возниот билет за 40,00 денари се намалува за 20,00 денари на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред од Советот на Општина Радовиш.

Член 2

Менувањето на цената на возниот билет за општински линиски превоз на патници во Општина Радовиш се врши времено поради промената на цената на горивото.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08- 1032/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлука за сопствено учество за аплициран Предлог- проект "Е-полначи за електрични возила: Техничка документација" преку проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион

Ја прогласувам и објавувам одлуката за сопствено учество за аплициран Предлог- проект "Е-полначи за електрични возила: Техничка документација" преку проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион, бр.08-1033/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 14.06.2023 година.

Број 09-1033/2 Градоначалник
Дата 16.06.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02),

Советот на Општина Радовиш на XXXI седница одржана на ден 14.06.2023 година донесе

ОДЛУКА
за сопствено учество за аплициран Предлог- проект “Е-полначи за електрични возила: Техничка документација” преку проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион

Член 1

Со оваа одлука се утврдува сопственото учество во висина од 164.510,00 денари или 2.832 УСД.

Проект се аплицира од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион преку проектот “Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Број 08- 1033/1 Совет на општина
Дата 14.06.2023 година Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Содржина:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш бр.04-125/1 од 29.05.2023 година ------------------------------------------1

- Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Коста Рацин" с.Подареш, Радовиш бр.04-125/1 од 29.05.2023 година ------------------------------------------1

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков" , Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023 година------------------------------------------2

-Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2024 година на ООУ„Крсте Петков Мисирков" , Радовиш бр.01-141/1 од 11.05.2023 година-------------------------------------------2

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект за парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина Радовиш со површина на плански опфат на градежна парцела од 13708,64 м$^2$, изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци, со тех. број 3973 од 05.2023год--------------------------2

-Одлука за позитивно мислење на Урбанистичкиот проект за парцелација на ГП 2.20 од ДУП за УБ дел 8 и УБ дел 9 во Радовиш, општина Радовиш со површина на плански опфат на градежна парцела од 13708,64 м$^2$, изработен од ДПТУ ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Кавадарци, со тех. број 3973 од 05.2023год--------------------------3

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш---------------------------4

-Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Здрава Еко Долина од Радовиш----------------------------4

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за ослободување од комунална такса за поставување урбана опрема на јавна површина--------------------------------4

-Одлука за ослободување од комунална такса за поставување урбана опрема на јавна површина--------------------------------5

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за измена на одлуката бр.08-1632/1 од 26.10.2022 година за зголемување на цената на возниот билет на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред доделени од Советот на Општина Радовиш, односно намалување на претходно зголемената цена---------------------------------------------5

-Одлука за измена на одлуката бр.08-1632/1 од 26.10.2022 година за зголемување на цената на возниот билет на сите Дозволи за доделување општински патнички линии и регистриран возен ред доделени од Советот на Општина Радовиш, односно намалување на претходно зголемената цена---------------------------------------------6

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за сопствено учество за аплициран Предлог- проект "Е-полначи за електрични возила: Техничка документација" преку проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион-------------------------------------------6

-Одлука за сопствено учество за аплициран Предлог- проект "Е-полначи за електрични возила: Техничка документација" преку проектот Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти-фаза 2 кој го имплементира УНДП со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка (Сида) и Бирото за регионален развој поднесен преку Центар за развој на Југоисточен плански регион----7